Врз основа на член 56 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/11, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2020 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ОД ДЕЛОТ НА АКЦИЗАТА ОД ДЕРИВАТИ ОД НАФТА

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/13) во членот 2 зборовите „од акцизата од деривати од нафта“ се заменуваат со зборовите „од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.“

**Член 2**

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

Висината на средствата од делот од акцизата од деривати од нафта кои се распределуваат на Јавното претпријатие за државни патишта во периодот од денот на влегувањето во сила на оваа одлука до 31 јули 2020 година изнесува 25 % од уплатената акциза од деривати од нафта.

Износот на средствата утврдени согласно став 1 на овој член од Буџетот на Република Северна Македонија се уплатуваат на сметка на Јавното претпријатие за државни патишта. “

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-3989/1**
**12 мај 2020 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска**
**Јанковска**